*Сузана СИМОНОВСКА*
*Елена СПАСОВСКА*

**УДК: 331.101.24**

# РАЗЛИЧНИТЕ ОПШТЕСТВЕНИ ДИМЕНЗИИ НА ПОИМИТЕ ВРЕМЕ И РАБОТА ЗА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ

***Кратка содржина***

*Овој труд е посветен на различното општествено концептуализирање на поимите „време“ и „работа“ за жените и за мажите. Како суштински димензии во нашиот живот, времето и работата се мошне сложени кога треба да се дефинираат и измерат. Тие на различни начини го условуваат животот на мажите и жените. Цврсто поврзани меѓусебно, онака како што се претставени во општествените системи, се меѓу главните генератори на нееднаквоста и дискриминацијата на жените.*

*Исходувајќи од постојните одредби на работата, работното и слободното време, целта на овој труд е да го покаже парадоксот во вреднувањето на продуктивната и репродуктивната работа, и времето потребно за нивното извршување, што од своја страна се покажува како една од причините за сè уште постојните родови разлики.*

***Клучни зборови:*** *ВРЕМЕ, РАБОТА, ПРОДУКТИВНА РАБОТА, РЕПРОДУКТИВНА РАБОТА, РАБОТНО ВРЕМЕ, СЛОБОДНО ВРЕМЕ*

Една од причините за сè уште постојните родови разлики лежи во различното општествено концептуализирање на поимите „време“ и „работа“ за мажите и жените. Времето и работата, цврсто поврзани меѓу себе, онака како што се претставени во општествените системи, се меѓу главните генератори на родовата нееднаквост и дискриминација на жените. Станува збор за две есенцијални димензии кои на различни начини го условуваат животот на мажите и жените и кои се мошне сложени кога треба да се дефинираат и измерат.

Секоја наша активност е условена од видот на работа што ја извршуваме и времето кое го трошиме за таа активност. Освен време на работа, постои и време на „неработа“, односно „слободно време“. Што е рабо-

та, а што е „неработа"? Што е време за работа, а што е слободно време? Според економскиот систем, активностите коишто поминуваат низ пазарот на трудот и за кои се добива паричен надомест се сметаат за работа, односно за продуктивни дејности. Овие активности имаат „вредност". Оттука, сите активости коишто не подлегнуваат на пазарните механизми и немаат парична вредност, не се сметаат за работа. Ваквите неплатени активности остануваат невидливи и „без вредност". Од друга страна, времето кое не се користи за продуктивна работа се смета за слободно време.

Во овој контекст, најголемата контрадикција и парадокс се забележува при обидот да се дефинира домашната работа и времето потребно за нејзиното извршување. Домашната работа се одвива во домашната, приватна сфера, не создава материјални добра и поради тоа, во системите базирани врз материјалните вредности, останува целосно невидлива. За домашната работа не се добива надомест, а оние кои посветуваат голем дел од своето време на домашните и семејните обврски се сметаат за непродуктивни или неактивни. Доказ за степенот до кој обезвреднувањето на домашната работа е инкорпорирано во нашиот систем се државните пописи на населението, според кои лицата кои не се занимаваат со продуктивна работа, а посветуваат долги работни часови на домашните активности, едноставно се сметаат за неактивни.

Во услови кога трудот се вреднува според пазарната вредност, т.е. работата вреди онолку колку што чини, домашната работа не вреди ништо. Додека платената работа е секогаш оправдана зашто носи пари, времето потребно за домашната работа дури се нарекува и „проклето време", време неопходно за преживување на човештвото, но социјално непризнато и невреднувано време (COLECTIVO IOE, 1996). Дали ова „време" треба да се смета за слободно, а не за работно време, бидејќи не се користи за продуктивна работа? Според Кристина Караско, проблемите што настануваат во врска со „времето на работа" се само рефлексија на еден друг подлабок проблем, кој лежи во основата на социјалниот и економски систем: „тензијата што постои меѓу две контрадикторни цели, добивањето на материјални бенефиции од една страна, и грижата за човечкиот живот од друга" (Carrasco, 2003: 28).[1]

Историски гледано, домашните активностите биле извршувани од страна на жените, и затоа не зачудува што домашната работа, сè уште, се смета за женска работа. Ваквата идентификација на жените со домашната работа се должи на долгата патријархална традиција, во која приватната, домашна, сфера се одвојува од јавната сфера. Женските активности во домот, спротивно на продуктивните активности во јавната сфера, се нареку-

[1] Цитираните делови во овој труд се превод на Елена Спасовска.

ваат репродуктивни, бидејќи „циклично се повторуваат неколкупати во денот, но и поради нивната поврзаност со човечката биолошка репродукција“ (Ѓуровска, 2008: 85). Репродуктивната работа, поврзана со биолошката репродукција, освен раѓањето и одгледувањето на децата, вклучува и низа социјално репродуктивни активности како грижа за децата, подготвување храна, одржување на домот, грижа за болните или старите, итн. Ваквите активности не носат општествена промоција и престиж и се сметаат за помалку вредни и значајни, за разлика од дејностите во јавната, економски и социјално призната сфера. И покрај тоа што репродуктивната работа има примарна и основна функција „од која зависи ништо повеќе и ништо помалку, туку човечкиот живот“, сепак таа останува социјално непризнаена и невреднувана (Carrasco, 2003: 28). Оттука, женскиот труд и времето вложени во репродукцијата биле надвор од интересот на економијата.

На големиот парадокс во критериумите со кои се проценува продуктивната и репродуктивната работата (а со тоа и времето), посочува Мерлин Варин, прикажувајќи ги активностите кои во еден ден ги извршува една обична домаќинка и еден војник од војската на САД. Кети, домаќинка, а според официјалните податоци неактивна, го поминува денот извршувајќи многубројни и истовремени активности: подготување оброци, хранење, облекување и носење на децата на училиште, чистење, миење садови, пеглање, перење, воспитување на децата, купување продукти, планирање на наредните оброци, планирање на наредните обврски околу домот и семејството итн. Нејзината активност започнува во моментот кога се буди и завршува тогаш кога оди на спиење. За неа не постои слободно време, целиот нејзин ден е посветен на другите, на „репродуцирање“ на животот на другите. За разлика од Кети, Бен е вработен како војник и официјално активен. Тој се буди наутро, оди на работа, седнува на стол и цел ден седи на столот, чекајќи наредба да притисне копче кое ќе лансира нуклеарно оружје. Во неговиот осумчасовен работен ден, неговата единствена активност е да чека наредба која ќе го уништи човештвото, или барем голем дел од него. Домашната (репродуктивна) работа на Кети се смета за непродуктивна, нејзината работа и нејзиното време немаат вредност. Работата на Бен која носи деструкција се смета за продуктивна, неговата работа и неговото време имаат вредност (Warring, 1990).

Домашниот труд кој може да трае и дваесет и четири часа дневно, останува невалоризиран. Во економијата се разработени прецизни мерки за вреднување на продуктивниот труд, но такви мерки не постојат за домашниот, репродуктивен труд. Проблемот со домашниот труд, исто така наречен и неформален труд, е што не може прецизно да се измери и да се процени неговата вредност. Жените како главни носителки на овој труд „не калкурираат профит, ниту пресметуваат цена, но, доколку калкули-

раат, цената ќе биде многу висока, бидејќи содржи висока додадена вредност" (Ѓуровска, 2008: 99).

Причините за ваквата дихотомија меѓу продуктивната и репродуктивната сфера, и врзувањето, главно, на жените за репродуктивната сфера, лежат во длабоко вкоренетите стереотипи за биолошката и природна, вродена, наклонетост на жените кон домот и кон грижата за другите луѓе. Бидејќи жената раѓа и дои, изгледа сосема „природно" дека таа може подобро да се грижи за децата, а со тоа и за другите, како што изгледа сосема „неприродно" тоа да го прават мажите. На тој начин биолошките разлики меѓу половите се користат како природно оправдување за родовите разлики и за различните, асиметричи улоги доделени на мажите и жените. Женските улоги, поврзани главно со репродукцијата, раѓањето, одгледувањето на децата и грижата за сите членови на семејството, ја исклучуваат жената од јавната сфера, а припадноста на мажите и жените на строго одвоените сфери во текот на човековата историја, се припишува на неоправданата биологизација и се отстранува како општествено прашање. Притоа, се занемарува фактот дека ваквите подвоени родови улоги во патријархалниот систем на уредување на односите меѓу половите, општествено се конституираат и условуваат. Корените на нееднаквата распределба, всушност, се наоѓаат во патријархалниот дуализам на машко-женско и „социјалниот договор" кој мажите ги сместува во јавната, а жените во приватната сфера (Pateman, 1988).

Проблемот се усложнува со пробивот на жените во јавната сфера и нивното дополнително ангажирање во продуктивните дејности. Истражувањето спроведено од страна на групата QUIT (2003), покажува дека жените премногу ја имаат инкорпорирано моќта и одговорноста во домот, и тешко им паѓа да се откажат од таа „ексклузивна" моќ. Дури и по цена на нивното двојно оптоварување, со двојното присуство во јавната и приватната сфера, и по цена на немање време за одмор, поретко ја споделуваат одговорноста. Од друга страна пак, интериоризацијата на општествените родови улоги и традиционало вкоренетите сфаќања за добра мајка и сопруга, кај некои жени го поттикнува чувството на вина да ги споделат домашните задачи со мажите, убедени дека тоа е нивна работа. Многу од нив користат помош од други жени - мајки, баби или домашни помошнички, само не од нивните мажи, што е уште еден показател на силното влијание на родовите стереотипи.

Пионерските истражувања на Антонела Пикио, кои го поврзуваат економскиот систем со „работата на социјалната репродукција", придонесуваат во расветлувањето на огромната вредност што домашната работа ја има за општеството и за економијата. Во капитализмот, како и во секој друг општествен систем, постои „специфична поврзаност меѓу процесот на

создавање добра и услуги, и процесот на социјалната репродукција на населението" (Picchio, 1992: 1). Социјалната репродукција се состои од „грижа за одржувањето на домашниот простор и предметите во него, грижа за телата, здравјето и психолошката поддршка на членовите од семејството, образование, воспитание и одржување на социјалните релации" (Picchio, 2001:15). Жените со своите дневни задачи на подготовка на оброци, чистење, перење, пеглање, итн. не се грижат само за децата и старите лица, туку и за возрасните мажи, кои секојдневно ја користат домашната работа и грижата на жените како неопходни во одржувањето на нивниот живот и работната сила. Часовите кои што жените ги минуваат во социјалната репродукција на работната сила, се часови кои придонесуваат за добросостојба и со тоа за продуктивност на пазарот на трудот. Оттука, домашната, репродуктивна работа е суштинска основа за продуктивната работа и е главен аргумент за економската важност на репродуктивната работа, и покрај тоа што не  е платена.

Во тој дух, Кристина Караско нагласува дека работата која се состои во грижа за другите во домот, има поинаков социјален и емоционален контекст од платената работа. Со неа се задоволуваат личните и социјалните потреби кои не можат да бидат заменти со пазарните добра. Репродуктивните активности имплицираат социјални релации кои тешко може да се одделат од самата активност и создаваат „комплексна мрежа од човечки односи, со кои се одржува остатокот од општеството". Процесите на репродукција и одржување на човечкиот живот, и покрај тоа што се реализираат надвор од пазарните односи и нивната директна контрола, сепак имаат директно влијание врз економската продукција (Carrasco, 2003: 30).

Често се заборава дека жените не само што го репродуцираат животот на другите, туку го репродуцираат и сопствениот живот. Жените се исто така работна сила на пазарот на трудот. Во тоа секојдневно „жонглирање" меѓу продуктивните и репродуктивните активности, обидувајќи се да биде „супержена", распределувајќи едно „време за другите" во работната средина, и друго „време за другите" во домот, тоа што се занемарува е „времето за самата себе". Токму ова време, или „време на слободно располагање", жените го жртвуваат како последица на нивната еманципација и пробивот во јавната сфера, од една, и бавниот процес на менувањето на предрасудите за родовите улоги, од друга страна (Torns, 2006). Бидејќи се мери само работата и времето наменето за пазарот на трудот, времето што не се троши за продуктивна работа, се смета за слободно време. За мажот кој има професионален живот, семејниот живот претставува слободно време, од кое црпи нова сила за својот професионален ангажман. За жената, семејниот живот значи обврска - „кон децата, но пред сè, кон мажот,

зашто нему мора да му создаде атмосфера во која тој ќе се рекреира и опушти“ (Miterauer, 2005: 224).

Уште во 1874 година, економистот Лоренц Фон Штајн, работата на жената во домот ја дефинирал како „работа од љубов“ која жената ја извршува за мажот, создавајќи пријатен амбиент. Со својата посветеност на домот, жената треба да му овозможи на мажот целосно да биде посветен на својата професија (Ѓуровска, 2008: 97). Или уште повеќе, жената „е ангел во својата сфера", која секогаш треба да биде покрај својот маж и „во негова служба“ (Bok, 2005: 146).

Во колективната свест, сè уште, превладуваат сфаќањата дека главните активности на жената треба да бидат фокусирани кон приватната, репродуктивна сфера, додека јавната или продуктивна сфера, за нив е од секундарно значење. Како последица на тоа, слободното време на жената е апсорбирано од домашните активности, кои оставаат малку слободно време. Во обидот да го усогласат времето за продуктивната работа со времето за репродуктивните дејности, се удвојува нивниот работен ден. Времето на пазарот на трудот го диктира времето во домот, и обратно. За разлика од работното време, кое е прецизно и точно определено, има свој почеток, траење и крај, времето чија основна карактеристика е неговата достапност кон другите, не може точно и прецизно да се измери. Затоа е невозможно времето за репродуктивната работа да се мери по критериумите на продуктивното време. Оттука произлегува и двојниот стандард во однос на поимањето на времето за мажите и жените. За жените, заклучува Пилар Караскер, времето е поделено на продуктивно и репродуктивно време; за мажите, времето е поделено на продуктивно и слободно време (Carrasquer, 2003).

Двојниот работен ден (во приватната и јавната сфера) носи дополнително физичко, интелектуално и емотивно оптоварување на жените.[2] Од една страна, платената работа значи економска независност и можност за лично докажување и вреднување, а од друга страна, за личното и професионално усовршување потребно е време, кое жените го немаат доволно на располагање бидејќи не добиваат доволна поддршка во семејните обврски од страна на другите членови во семејството. За да држат чекор со мажите на пазарот на трудот, многу жени го приспособуваат својот животен циклус, го одложуваат времето на создавање семејство, деца, го редуци-

[2] Интересно е да се спомене дека оваа „женска битка на два фронта“, нивната работа на пазарот на трудот и во домот, во почетокот била нарекувана „двојна работа“, потоа била преименувана во „двојно присуство“, а сега се нарекува „двојно присуство/отсуство“, што ја отсликува преоптовареноста на жените, која не им дозволува да бидат целосно присутни и ефикасни во двете сфери. (Izquierdo, 1998)

раат бројот на деца итн. Некои, за да одговорат на обврските во семејството ја оставаат работата, други прифаќаат исто толку штетни стратегии како флексибилно работно време или работни места со скратено работно време.

Политиките и стратегиите за усогласување на семејниот и професионалниот живот, кои треба да бидат во интерес на жените, всушност, претставуваат стапица и „лош договор". Многу од овие политики, насочени кон приспособување на времето на жените на пазарот на трудот, имаат за цел да ги „поштедат" или „заштитат" жените од професионалната сфера, но не и од домашната работа. Во нив не се обрнува доволно внимание на потребата од поголемо учество на мажите во семејните обврски, и со тоа ги ослободуваат од одговорноста во домот. Ваквите политики, вели Тереза Торнс, само им штетат на жените и им ја загрозуваат нивната позиција на пазарот на трудот, бидејќи достапноста и континуираното присуство се клучните елементи за успех во работата во денешните капиталистички општества (Torns, 2005).

Мажите, за разлика од жените, не чувствуваат ниту морална, ниту социјална обврска да го приспособат професионалниот живот со семејниот. И додека жените се обидуваат да се пробијат во таканаречениот „машки свет" (јавната или продуктивната сфера) и да покажат дека можат да работат сè што работат и мажите, мажите немаат ниту желба ниту реална потреба да ја „освојат" домашната (репродуктивна) сфера и да покажат дека можат да работат сè што работат жените.

Како последица на големите заложби за еманципација на жените, присуство на мажите и жените во јавната сфера е речиси еднакво. Меѓутоа, длабоко вкоренетите предрасуди за родовите улоги се причина за нееднаквата полова распределба на времето и работата, а со тоа и за постојната нееднаквост и дискриминација на жените. Билошките разлики не се разумни причини да се исклучат мажите од домашните активности. Тие се користат само како оправдување за понеповолната положба во која се наоѓаат жените, поради нивното двојно, па и тројно оптоварување (доколку градат кариера) што го носи присуството во двете сфери. Затоа, ваквата состојба може да се надмине само со подеднакво и заедничко учество на мажите и жените во двете сфери. За таа цел е потребно да се создадат подобри политики и стратегии кои ќе бидат насочени кон семејството и кои навистина ќе придонесат во надминувањето на нееднаквата расподелба на времето и работата, како услов за остварување на вистинска рамноправност меѓу мажите и жените.

*Литература*

Bok, G. (2005) *Žena u istoriji Evrope.* Beograd: CLIO. Carrasco, C. (2003) *Mujeres y economia: nuevas perspectivas para viejos nuevos problemas.* Barcelona: Icaria

COLECTIVO IOE (1996) *Tiempo social contra reloj. Las mujeres y la transformación en los usos del tiempo.* Madrid: Instituto de la Mujer.

Englend, P. (2006) „*Toward Gender Equality: Progress and Bottlenecks",* In Francine, D. B., Mary, C. B., and David, G., (eds), *The Declining Significance of gender.* New York: Russell Sage Foundation.

Ѓуровска, М. (2008) Социологија на женскиот труд. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет

Izquierdo, M. J. (1998) *El malestar de la desigualdad.* Madrid: Cátedra

Митерауер, М. (2005) *Европското семејство.* Скопје: Слово

Pateman, C. (1988) *Sexual contrac*t. Stanford: Stanford University Presss

Picchio, A. (1992) *Social Reproduction: the political economy of the labour market.* Cambridge: Cambridge University Press

Picchio, A. (2001) *"Un enfoque macroeconmico «ampliado» de las condiciones de vida",* Conferencia Inaugural de las Jornadas *"Tiempos, trabajos y género"*, realizadas en febrero de 2001, en Barcelona: la Facultad de Ciencias Económicas de la Universidad de Barcelona

Torns.T, Carrasquer. P, Borrás. P. (2003) *La Conciliación de la vida familiar y laboral: Un horizonte posible?* Madrid: Sociologia del trabajo, N 50

Torns, T. (2005) *De la imposible concilación a los permanentes malos arreglo*, Barcelona: Universidad Autónoma de Barcelona, Dpto. Sociología.

Torns, T. (2006) *Las dificultades de vivir una vida apresurada. Reflexiones en torno a nuestro uso del tiempo.* Madrid: CEAPA.

Warring, M. (1990) *If the Women Counted: A New Femisnist Economics.* San Francisco: Harper Collins Publisher, (пoseteno na 05.03.2011) <http://www.youtube.com/watch?v=Ht-QVqy0u78&feature=related/>

*Suzana SIMONOVSKA*
*Elena SPASOVSKA*

# THE DIFFERENT SOCIAL DIMENSIONS OF THE TERMS TIME AND WORK FOR MAN AND WOMEN

***Summary***

*This paper is dedicated to the different social conceptualization of the terms time and work for men and women. Both time and work are essential dimensions in all of our lives, but indeed very complicated to define and measure. They determine the lives of men and women in different ways. Strongly interconnected, the way they are presented in our societies makes them one of the main generators of inequality and discrimination between men and women.*

*By using the existing definitions of work, working hours and leisure, this paper tends to illustrate the paradox in the estimation of the productive and reproductive work, and the time needed for their execution. That proves to be one of the main causes for the still present gender differences*

***Key words:*** *TIME, WORK, PRODUCTIVE WORK, REPRODUCTIVE WORK, WORKING HOURS, FREE TIME.*